



Вработување и работа во Словенија

Employment Service
of Slovenia

Секој ден над 4.000 слободни работни места

На веб-страницата на Заводот за вработување на Република Словенија секојдневно се објавуваат над 4.000 слободни работни места.

Прелистајте ги!

Повеќе од 1.200 ЕУР месечно

Просечната плата во Словенија за месец јуни 2024 беше:

- 2.366,79 ЕУР бруто или
- 1.501,97 ЕУР нето.

Минималната плата за 2024 изнесува:

- 1.253,90 ЕУР бруто односно
- 902 ЕУР нето за полно работно време.

Помош при вклучување

Република Словенија нуди програма за интеграција во словенечкото општество.

Добро е да се знае!

Слободни работни места

Во Словенија јавно се објавуваат слободните работни места. Работодавачите може да го прават тоа преку Заводот за вработување на Република Словенија, преку медиумите,



на своите веб-страници или во јавно пристапни деловни простории.

Објавувањето на оглас е задолжително само за работодавачите од јавниот сектор или за државните претпријатија.

Пријава за работно место

Пријавете се на оглас за работно место со писмо за мотивација и со работна биографија. Приспособете ја содржината на очекувањата на работодавачот и на условите за работа.

Најзастапен образец за работна биографија е табеларниот приказ, на пример ЕВРОПАС.

Признавање на образование и квалификации



Образованието стекнато во Македонија се признава и во Словенија.

Сепак, поради различните системи на образование, треба да го иницирате процесот на оценување на вашето образование. Започнете го кај органот Eric Naric.

Работна дозвола



Ако имате намера да работите и да се вработите во Словенија, мора да стекнете дозвола за престој и работа за да влезете во државата, да живеете и да работите во неа или да стекнете статус на вработен/а.

Можете да аплицирате за дозвола вие или вашиот работодавач. Обата може да аплицираат за продолжување на дозволата. За првата дозвола во странство аплицирате вие, а вашиот работодавач може да аплицира во Словенија. Во посебни околности може да аплицирате за првата дозвола во Словенија.

Обрасците за аплицирање се достапни на англиски, албански, босански, македонски и српски јазик.

Договор за вработување

Законот за работни односи ги утврдува задолжителните делови или информации

на договорот за вработување кои мора да бидат вклучени во писмена форма.

Карактеристиките на словенечкиот договор за вработување се:

- Задолжително лекарско уверение пред вработување,
- Задолжителен испит за здравје и безбедност при работа пред вработување,
- Задолжителен додаток за хранарина и превоз до работа,
- Најмалку 4 недели годишен одмор,
- Полно работно време е 40 часа неделно.

По вработувањето, вашиот работодавач ве пријавува за здравствено и пензиско осигурување.





Влез во државата

На државјаните на Северна Македонија им треба пасош или лична карта за влез во Словенија. За краткорочен престој во Словенија не ви треба виза.

Трошоци за сместување и живеење

Киријата за гарсоњера во Љубљана е приближно од 400 до 500 ЕУР, а за двособен стан киријата чини од 700 до 800 ЕУР. Изнајмувањето стан во поголемиот дел од Словенија е за околу 20 % пониско.

Според Заводот за статистика, цените на чинење се следниве:

- Просечна цена на шолја црно кафе, или еспресо е 1,48 ЕУР,
- Просечна цена на ручек во ресторан (по мени) чини 11,76 ЕУР,
- Килограм јаболка чини 1,51 ЕУР,
- Килограм говедско месо без коска чини 9,59 ЕУР,
- Килограм сирење чини 11,12 ЕУР,
- Билет за кино чини од 6,09 ЕУР,
- Просечен основен билет за јавен превоз чини 1,10 ЕУР,
- Литар моторен бензин од 95 чини 1,421 ЕУР.